РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2324/1
01-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 33-та седница одржана на 11.06.2026 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-2587/1 од 29.09.2025 година, оформен по доставена пријава за неправилности и злоупотреба при дисциплинска постапка во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – ----------, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со бр. 12-2587/1 од 29.09.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 29.09.2025 година, поднесена е пријава за неправилности и злоупотреба при дисциплинска постапка во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – ---------- (понатаму: Установа) и оформен е предмет бр. 12-2587/1 од 29.09.2025 година.

Наводите во пријавата се однесуваат за разрешениот раководител на секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита и заштита на децата, кој бил и сменет, а постапката била започната со Записник бр. ------ од 12.06.2025 година, со значително задоцнување од настанот во 2023 година. Решенијата од инспекторите и од диспциплинската постапка, наредбите и опомените кои следеле, укажувале на можни злоупотреби и несоодветен третман. Институцијата, односно директорката, била свесна за неправилностите и политичките, верските и националните влијанија, но не преземала соодветни

мерки за корекција, односно забелешка на записникот и жалба против решението од Инспекторите. Ова создавало впечаток на селективна правда и злоупотреба на службената положба. Санкциите не биле пропорционални и не одразувале еднаков третман на вработените во исти или слични ситуации, што отворало сомнежи за дискриминација и лична одговорност која не е законски правилно утврдена. Дополнително, решението било донесено во период по распишување на изборниот процес, што дополнително отворало сомнежи за политичка мотивираност и злоупотреба.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање на информации до установата.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:
На ден 12.06.2025 година, Секторот за инспекциски надзор при установата извршил вонреден инспекциски надзор по кој инспекторите за социјална заштита донеле Решение бр. 0303-2424/7 од 05.08.2025 година со кое се констатирани неправилности во работењето на вработениот --------- -------------, и го задолжиле В.Д Директорот на установата да постапи.

До Комисијата за спроведување на дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност бил доставен Предлог за поведување на дисциплинска постапка за утврдување на дисциплински престап бр. 0304-2424/8 од 06.08.2025 година.

Комисијата за водење на дисциплинска постапка по спроведената дисциплинска постапка утврдила дека вработениот --------- ---------- како Раководител на службата не извршил распоредување на работните задачи на вработените, не извршил непосредна контрола и надзор врз извршување на работата и задачите на вработените во службата и не спровел увид над правилната примена на прописите и квалитетна работа на службата. Комисијата ги имала во предвид и претходно изречените дисциплински мерки за сторени дисциплински повреди со Решение бр. -------------- од 16.02.2015 година и Решение бр. --------------- од 25.05.2021 година кои исто така се покренати и изречени за сторен дисциплински престап предвиден во член 213 од Законот за социјална заштита и тоа за

неизвршување, несовесно, ненавремено или небрежно вршење на работните задачи со потешки последици од повредата.

Предметното Решение бр. ------------------5 од 22.09.2025 година, со кое вработениот му е изречена дисциплинска мерка – Распоредување на работно место во непосредно пониско ниво е донесено врз основа на член 213 и член 217 став 6 од Законот за социјална заштита, од страна на В.Д Директорот на установата.

*Според член 214 став 2 точка 3 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/2019, 146/2019, 275/2019, 302/2020, 311/2020, 163/2021, 294/2021, 99/2022, 236/2022, 65/2023 и 192/2025) (понатаму: Закон), со одлука за утврден дисциплински престап на давателот на јавна услуга може да му се изрече една од следниве дисцилински мерки: престанок на работниот однос кога настапиле штетни последици за институцијата, а притоа не се утврдени олеснителни околности за давателот на јавна услуга кој го сторил престапот.*
*Според член 8-а став 1 точка 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/2006; 136/2008; 148/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016; 142/2016; 67/2017; 125/2017; 35/2018; 99/2018; 140/2018; 208/2018 и 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 98/2019, 42/2020, 74/2021, 215/2021, 58/2024 и 76/2024), од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може: да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи.*

Видно од предметната документација доставена на увид од страна на установата, односно фактот дека дисциплинската постапка водена против лицето --------- ---- ---------- е завршена и резултирала со изрекување на дисциплинска мерка - распоредување на работно место во непосредно пониско ниво, ДКСК цени дека е нецелисходно да се навлегува во утврдување на неправилности во водењето на

дисциплинската постапка, а во смисла на забраната предвидена во член 8-а став 1 точка 3 од Изборниот законик, од причина што во конкретниот случај дисциплинската постапка не резултирала со прекин на работниот однос на вработениот во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – ------------.

ДКСК укажува до установата, во иднина да го има во предвид фактот дека водењето на дисциплинска постапка за утврдување на дисциплински престап може да резултира со престанок на работен однос, и доколку истата се води во изборен период, истото претставува повреда на член 8-а став 1 точка 3 од Изборниот законик.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р В.З. Виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: З.Б. Член на ДКСК